РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1029
14.11.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 2-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## За постапка за остварување право на парична помош за новороденче во Општина Виница

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Виница за секое новороденче.

Член 2

Паричната помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.

Правото на парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе родени деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) односно тоа право го има мајката или таткото.

Правото на парична помош имаат и родителите кои посвоиле дете на возраст до една година, за што е потребно да достават Решение за посвојување.

Паричната помош се одобрува еднократно за секое новороденче.

Член 3

Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите на овој Правилник има еден од родителите што е државјанин на Република Северна Македонија.

Двајцата родители треба да се со постојана адреса на живеење или престојување на територијата на Општина Виница.

Член 4

Еднократната парична помош изнесува 6.000 денари и се доделува за секое новородено дете.

Средствата за доделување на еднократна парична помош за новороденче се обезбедуваат од буџетот на Општина Виница.

Член 5

Постапката за остварување право на парична помош за новороденче се поведува со поднесување на писмено Барање до архивата на Општина Виница.

Член 6

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче:

- Важечка лична карта од родителите или патни исправи, со кои се потврдува живеалиште во општина Виница;
-Копија од Извод од матичната книга на венчаните за родителите нановороденчето;
-Копија од Извод од матичната книга на родените за новороденчето;
-Трансакциска сметка на барателот;

-Дополнителни документи за самохран родител (во зависност од основот за стекнување статут - самохран родител, потребно е еден од долу наведените документи:

-Копија од Извод од матичната книга на умрените;
-Правосила судска пресуда за раздвоен брак;
-Доказ дека родителот не е во брачна заедница со Извод од матичната книга на родените не постар од шест месеци;

Член 7

Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош се поднесува најдоцна до наполнети шест месеци на детето.

Барањето што е поднесено по шестиот месец од раѓањето на детето нема да биде предмет на разгледување.

Член 8

Врз основа на поднесеното Барање и приложената документација, а по нивното рагледување и одобрување, Градоначалникот на општина Виница донесува Решение за доделување еднократна парична помош за новороденче.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев